

# „Македонски иконостас - 12 апостоли на ВМРО“ на Родољуб Анастасов

Во Музејот на Скопје вечерва, во 20 часот, ќе биде отворена изложба на слики со наслов „Македонски иконостас - 12 апостоли на ВМРО“ од Родољуб Анастасов, основоположник на македонското апстрактно сликарство.

Ќе бидат изложени 12 портрети насликани во маслена техника - Христо Татарчев, Владислав Ковачев, Ѓорче Петров, Тодор Александров, Дамјан Груев, Гоце Делчев, Никола Карев, Димо Хаџи Димов, Павел Шатев, Иван Михајлов, Пере Тошев и Јане Сандански. Изложбата ќе ја отвори Јордан Плевнеш, наш амбасадор во Франција.

Автори на текстовите во каталогот се Владимир Величковски, Зоран Тодоровски и Лазо Плавевски.

Родољуб Анастасов (1935) е роден во Скопје, а дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград. Бил член на меѓународната уметничка група „Јуниј“.

По 40 години творештво, вели дека никогаш не сликал соцреализам и оти го прифатил апстрактното сликарство уште кога било авангарда за овие простори.

Во последните три децении Родољуб Анастасов е посветен на ликовно-педагошката дејност. Професор е на Факултетот за ликовна уметност во Скопје од формирањето на оваа институција. Досега реализирал 28 самостојни изложби во Скопје, Прилеп, Охрид, Париз, Нови Сад, Белград, Ровињ, Пула, Истанбул и во други градови. Добитник е на 33 награди - 13 од нив национални, седум во Југославија, шест во Босна и Херцеговина, пет во Хрватска и две во Египет. Учествувал на повеќе од 400 изложби во земјава и во светот. Неговата уметност е забележана во повеќе лексикони и енциклопедии.